**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82- Т |
| | Датум: | 29. јануари 2008 |
| | Оригинал: | англиски |

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Судии:** **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
**Судија Кристине ван ден Вингаерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **29. јануари 2008**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ БОШКОСКИ**
**ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ**

**ЈАВНО**

# РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО ЗА ПРИФАЌАЊЕ ВО ДОКАЗНИТЕ СПИСИ НА ТРАНСКРИПТИ ОД ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ СО АНЕКСИ А - К

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон

**Бранители на Обвинетите:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

**СУДСКИОТ СОВЕТ II** (понатаму во текстот: Судски совет) на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународен суд);

**РЕШАВАЈЌИ** по „Поднесокот од Обвинителството за прифаќање во доказните списи на транскрипти од видеоматеријали со Анекси А – К" (понатаму во текстот: Поднесок) поднесен од Канцеларијата на Обвинителот (понатаму во текстот: Обвинителство) на 3. јануари 2008, во којшто Обвинителството бара прифаќање во доказните списи на транскрипти (понатаму во текстот: Транскрипти) коишто одговараат на 12 видео инсерти коишто веќе беа прифатени во доказните списи (понатаму во текстот: Видео инсерти);

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека и покрај тоа што Судскиот совет претходно веќе ги прифати Видео инсертите во доказните списи за време на излагањето на тезата на Обвинителството, Транскриптите коишто се предмет на овој Поднесок сé уште не биле изнесени како докази;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на 6. декември 2007, при заклучувањето на нивната теза, Обвинителството изнесе усно барање за прифаќање во доказните списи на Транскриптите од Видео инсертите;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Судскиот совет укажа на тоа дека барањето за прифаќање на Транскриптите мора да биде изнесено со писмен поднесок;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека бранителот на Љубе Бошкоски (понатаму во текстот: Одбрана на Бошкоски) поднесе реакција на Поднесокот на 17. јануари 2008 во којашто истакнува дека не се противи на Поднесокот, но дека тие нашле повеќе проблеми во врска со преводот во некои од Транскриптите, за коишто ќе поднесат барање до Службата за конференциска и јазична поддршка (CLSS) за официјална верификација;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека бранителот на Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот: Одбрана на Тарчуловски не поднесе реакција;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со правило 89(В) од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд, Судскиот совет може да ги прифати сите релевантни докази за коишто ќе смета дека имаат доказна вредност;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Судскиот совет веќе утврдил дека Видео инсертите се доволно релевантни и имаат доказна вредност за да бидат прифатени во доказните списи;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Транскриптите одговараат на Видео инсертите и дека според тоа нивното прифаќање во доказните списи е во интерес на правдата;

Поради горенаведените причини Судскиот совет

**ГО ОДОБРУВА** барањето изнесено во Поднесокот; и

**ГО ЗАДОЛЖУВА** Секретаријатот да им определи соодвети броеви на доказни предмети на прифатените транскрипти.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Кевин Паркер**

**Претседавач**

Датирано од 29. јануари 2008,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**